**20192393731**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член  член 9 став 1 под б точка 3 и став 3, член 33, член 35 и член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/16 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 ноември 2019 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Сл. весник на РМ“ бр. 33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 1/2015, 46/2015, 211/2015, 158/2016, 45/2018, 129/2018, 160/2018, 228/2018, 10/2019, 20/2019, 44/2019, 82/2019 и 222/2019),  во членот 16-а,  став 1 точката 3 се менува и гласи:

„3. За ортопедското помагало од вид 1 со шифра 1113  осигуреното лица кое има стекнат или конгенитален недостаток на еден  долен екстремитети над колено, правото го остварува доколку е во работен однос или врши дејност врз основа на која е осигурено, како и децата кои се на школување до 18 односно 26 годишна возраст, а врз основа на оценка и наод на Лекарска комисија на Фондот по претходно набавен специјалистички извештај од физијатар или ортопед во кој се потврдува висок степен на активност на осигуреното лице и можноста на целосна примена и функција на протезата.“

По  точката 3 се додава нова точка 4 која гласи:

„4. За ортопедското помагало од вид 1 со шифра 1113  осигуреното лица кое има стекнат или конгенитален недостаток на двата долни екстремитети над колено, правото го остварува врз основа на Оценка и наод на Лекарската комисија на Фондот, а по претходно набавен специјалистички извештај од физијатар или ортопед во кој се потврдува висок степен на активност на осигуреното лице и  можноста на целосна примена на функцијата на протезата.“

Во член 16-а, ставот 3 се менува и гласи:

„Протезите од став 1 точка 1, 2, 3 и 4 на овој член може да се одобрат на осигуреното лице на возраст од 7 до 65 години.“

Член 2

Во членот  21, ставот 2 се менува и гласи:

„Рокот на траење на протезите од член 16-а овој Правилник изнесува:

- За протезите од точка 1 и 2, за осигурени лица деца над 7 до 18 годишна возраст – 12 месеци;
- За протезите од точка 1 и 2, за осигурени лица деца над 18 до 65 годишна возраст –36 месеци;

- За протезите од точка 3 и 4 , за осигурени лица деца над 7 до 18 годишна возраст – 36 месеци;
- За протезите од точка 3 и 4 , за осигурени лица деца над 18 до 65 годишна возраст –60 месеци;

Член 3

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, за ортопедските помагала вид 1, шифра 1113 во колоната „рок на употреба во месеци според возраста над 7 до 18 години“ бројот „12“ се заменува со бројот „36“, и во колоната „рок на употреба во месеци според возраста над 18 до 65 години“ бројот „36“ се заменува со бројот „60“.“

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02–18315/1
6 ноември 2019 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Ридван Асани,** с.р.